Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски бр. 10-139/2
Дата: 15-02-2024

До: [redacted]

Предмет: Одговор на барање за слободен пристап
на информации од јавен карактер

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од 30.1.2024 година, заведено под архивски број 10-139/1, ви ги даваме следните одговори:

1. **Број на случаи на дискриминација констатирани од КСЗД врз деца и возрасни со попреченост во заедницата како и на лицата со попреченост (сместени во институции, групни домови и други форми на организирано живеење, вклучувајќи ги и затворите за деца полициски станици, и згрижувачи на деца и возрасни со попреченост), во последните 3 години.**

- Во периодот од 2021-2023 година, КСЗД утврди дискриминација врз основа на попреченост во вкупно 11 случаи, од кои, 10 се однесуваат на дискриминација врз деца и возрасни во заедницата, додека 1 на дискриминација врз лице со попреченост кое е на издржување затворска казна во казнено-поправна установа. Во други два случаи КСЗД утврди дискриминација врз друга основа - првиот е за претставка од лице кое во поднесокот изјавило дека има попреченост и смета дека е дискриминиран врз основа на попреченост и друга основа, но КСЗД утврди дека дискриминацијата е сторена врз друга основа; вториот е за настан за кој подносителот сметал дека постои дискриминација врз основа на попреченост, но за која КСЗД исто така утврди дискриминација врз друга основа.

2. **Број на покренати постапки за дискриминација врз лица со попреченост во последните 3 години, разделено по форма на дискриминација, пол, возраст, регионална застапеност, етничка припадност.**

- Во периодот од 2021-2023 година, биле разгледувани вкупно 32 постапки за дискриминација врз основа на попреченост или дискриминација врз друга основа, поднесени од лица кои изјавиле дека имаат попреченост. Од нив, 27 биле постапки по поднесени претставки, додека 5 биле постапки за заштита од дискриминација поведени од КСЗД по службена должност. Правно мислење по покрената постапка за утврдување на дискриминација КСЗД донесе за 21 предмети, од кои во 13 случаи се утврди дискриминација - 11 врз основа на попреченост и 2 за дискриминација врз друга основа - додека за 8 постапки КСЗД донесе мислење со кое не се утврди дискриминација. За 8 претставки, Комисијата донесе одлука за отфрлање поради ненадлежност, односно неуредност или ненавременост на поднесокот, за 2 донесе

одлука за запирање на постапката по барање на подносителот, додека 1 претставка е во тек.

Во однос на споменатите 11 случаи на дискриминација врз основа на попреченост:

o Видови и облици на дискриминација:
- Директна продолжена дискриминација – 6 случаи
- Директна дискриминација – 1 случај
- Директна интерсекциска дискриминација – 1 случај
- Директна продолжена интерсекциска дискриминација и индиректна продолжена интерсекциска дискриминација – 1 случај
- Сегрегација, директна продолжена дискриминација и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација – 1 случај
- Вознемирување – 1 случај

o Територијалната застапеност (место на дискриминацијата),
- 3 случаи на ниво на РСМ
- 6 случаи на територија на Град Скопје
- 1 случај на територија на Општина Гостивар
- 1 случај на територија на Општина Кривогаштани

Во однос на случаите на дискриминација врз основа на попреченост поднесени од физички лица, КСЗД располага со следните демографски податоци:
- Пол: 2 жени и 2 мажи
- Национална припадност: 3 Македонска и 1 не се изјаснил
- Регионална застапеност (место на дискриминацијата): 3 во Скопје и 1 во Кривогаштани
- Возраст: по еден случај за возрасните групи 11-20, 21-30, 31-40 и 51-60 години.

3. **Број на поведени постапки против јавна или приватна институција поради дискриминација врз лица со попреченост? Доколку да, доставете ни евиденција разделено по пол, состојба на попреченост и форма на насилство и тортура.**

Од утврдените 11 случаи на дискриминација врз основа на попреченост, 10 биле против правни лица од јавниот сектор, односно раководното лице на истите.

o Видови и облици на дискриминација:
- Директна продолжена дискриминација – 6 случаи
- Директна дискриминација – 1 случај
- Директна интерсекциска дискриминација – 1 случај
- Директна продолжена интерсекциска дискриминација и индиректна продолжена интерсекциска дискриминација – 1 случај
- Сегрегација, директна продолжена дискриминација и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација – 1 случај

o Територијалната застапеност (место на дискриминацијата),

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- 3 случаи на ниво на РСМ
- 6 случаи на територија на Град Скопје
- 1 случај на територија на Општина Гостивар
- 1 случај на територија на Општина Кривогаштани

Во однос на случаите на дискриминација врз основа на попреченост поднесени од физички лица, КСЗД располага со следните демографски податоци:

- Пол: 2 жени и 2 мажи
- Национална припадност: 3 Македонска и 1 не се изјаснил
- Регионална застапеност (место на дискриминацијата): 3 во Скопје и 1 во Кривогаштани
- Возраст: по еден случај за возрасните групи 11-20, 21-30, 31-40 и 51-60 години.

4. **Дали во последниве 3 години имате покренато постапка против јавна и приватна институција поради аблеизам врз лица со попреченост? Ако да, евиденција по години ( во последните 3 години) по состојба на попреченост, возраст.**

Немаме покренато постапка.

5. **Дали во последниве 3 години имате покренато постапка против јавна и приватна институција и меѓународна институција поради покренување и поддржување на активности и постапки кои ги прекршуваат човековите права врз лица со попреченост и КПЛП? Ако да, евиденција по години (во последните 3 години) по институција (јавна и/ или приватна) меѓународна организација и активности за кои сте покренале постапки?**

Не.

6. **Дали имате водич за примена на соодветно приспособување за жртвите со попреченост?**

Не.

7. **Дали имате воспоставено механизам за поплаки во групните домови, дневните центри, станбените единици и институциите каде се сместени лица со попреченост, вклучувајќи ги и психијатриските болници, Демир Хисар и Бардовци?**

Не.

8. Дали имате воспоставено соработка со Организации на лица со попреченост ? **(Организација на лица со попреченост се организации кои се раководени и водени од самите лица со попреченост и одлуките во организацијата се носат од страна на самите лица со попреченост)**
КСЗД има потпишано Меморандум за соработка со Полио плус – движење против хендикеп.

9. **Дали имате покренато постапки за усогласување на политиките со обврските од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост?**

На 03.12.2021 година, КСЗД донесе Општа препорака за имплементација на одредбите содржани во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во соодветното домашно законодавство, со цел да се обезбеди и промовира остварувањето на човековите права и слободи на сите лица со попреченост без каква било дискриминација врз основа на попреченост.

10. **Дали поведовте постапка против Министерството за здравство и Психијатриската Болница Демир Хисар за случајот во 2023 година за лицето А., момче со интелектуална попреченост кое беше врзувано во Болницата?**

Не.

11. Ако да, кои активности беа преземени од ваша страна и кој е исходот од истите?

12. **Кои активности ги имате преземено во случајот на Л.Р. против Северна Македонија, после пресудата од Европскиот суд за човекови права во 2020 г. со која едногласно утврди прекршување на членот 3 од ЕКЧП?**

Немаме преземено активности. Во моментот на носењето на пресудата, КСЗД не беше основана, следствено на тоа не е дел од работната група за имплементација на пресудата, ниту има добиено насоки и препораки за преземање активности за имплементација на пресудата. Дополнително, со пресудата се утврдува повреда на чл. 3 од ЕКЧП, што се однесува на забрана за тортура, нешто што не е во рамки на законските надлежности на КСЗД.

Потпретседател на Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Лимко Бејзароски